


Се финализираше постапката за избор на грантовите за транспарентност, по што се доделија седум грантови на следните граѓански организации:

- Здружение на еднородителски семејства— Една може ;
- Здружение за култура и развој на креативни индустрии— Култ-Транзен ;
- Центар за развој на медиумите на заедниците— Медиум ;
- Здружение Мрежа на млади фармери ;
- Здружение на граѓани Надеж– Норе ;
- Здружение Организација на жените на општина Свети Николе ;

- Здружение за правна едукација и транспарентност Станица П.Е.ТЗдружение за правна едукација и транспарентност Станица П.Е.Т .

Со помош на овие грантови здруженијата ќе спроведат **организациски ревизии**, ќе изготват и објават **организациски извештаи**; ќе подготват **комуникациски стратегии и други стратешки документи**; ќе изработат нови и **ќе се подобрат постоечките веб страници** на здруженијата; ќе се обучат за транспарентно и отчетно работење; ќе стекнат нови вештини за **користење на онлајн алатки за известување** итн. Овие активности ќе придонесат кон подобри практики за транспарентно известување на организациските проекти и активности и ќе ги доближат организациите до своите корисници.

Грантистите делуваат во седум различни сектори и тоа: маргинализирани лица; култура; медиуми и информатичко општество; земјоделство и рурален развој; млади; родова еднаквост; човекови права и антидискриминација.

Секоја од организациите доаѓа од различен плански регион, па така со овие грантови опфатени се **скопскиот, вардарскиот, југоисточниот, полошкиот, пелагонискиот, источниот и југозападниот регион.** Во поглед на искуството, една организација е активна последните две години, четири организации имаат искуство помеѓу пет и 13 години, а една е активна веќе 30 години.


СЕВЕРОИСТОЧЕН
СКОПСКИ
1
ИСТОЧЕН
1
ПОЛОШКИ
1
ВАРДАРСКИ
1
ЈУГОЗАПАДЕН
1
ЈУГОИСТОЧЕН
1
ПЕЛАГОНИСКИ
1